Бр: 10-39
Скопје: 16.07.2026

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 10, член 15 став (5), член 16 став (2) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр.145/10), и членот 28 став (10) од Законот за заштита на конкурнцијата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18, 208/24 и 16/2025), а постапувајќи по известување за планирано доделување на државна помош бр.10-39 од 03.07.2026 година поднесено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , на седницата одржана на 16.07.2026 година го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **За оцена на дозволеноста на доделување на државна помош од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година**

**1.** Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-39 од 03.07.2026 година, поднесено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање како давател на државната помош и Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година, утврди дека:

**1.1** Мерката содржана во точка 1.3, реден број 1 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година под наслов **Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во насока на заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 100.000.000,00 денари** **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош;

**1.2** Мерката содржана во точка 1.3, реден број 2 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година под наслов **Изработка на техничка документација и изградба на водоводни системи во насока на заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 100.000.000,00 денари** **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош;

**1.3** Мерката содржана во точка 1.3, реден број 3 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година под наслов

**Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 10.000.000,00 денари претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **хоризонтална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош и како **шема на помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за животна средина и просторно планирање, при што **доделувањето на истата е дозволено како помош за заштита на животната средина** согласно член 8 став (2) точка д) од Законот за контрола на државната помош и член 15 и член 22 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на РМ„ бр. 03/14), **само во случаевите кога станува збор за финансирање на студии, програми, проекти и други слични активности за користење на обновливи извори на енергија;**

**1.4** Мерката содржана во точка 1.3, реден број 4 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година под наслов **Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа животна средина во износ од 19.000.000,00 денари не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош;

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош) е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 28.01.2025 година и на ден 17.02.2025 година, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на државна помош во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година, како и дополнување на известувањето. При прелиминарното испитување на доставеното известување, Комисијата за заштита на конкуренцијата, постапувајќи согласно член 14 став (3) од Законот за контрола на државната помош и член 2 став (5) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош,

како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, со дописи од 20.02.2025 година и 03.04.2025 година побара од Министерството дополнителни информации и појаснувања во однос на мерката 5 од дел IV од Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година – „Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина". Од Министерството беше побаран детален опис на мерката, нејзината содржина, категориите на потенцијални корисници, начинот на доделување на средствата, како и информација за тоа кои субјекти би можеле да остварат економска поволност од нејзината реализација. Со оглед на тоа што Министерството за животна средина и просторно планирање не ги достави бараните дополнителни информации и појаснувања, Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно член 2 став (5) од наведената Уредба, сметаше дека известувањето е повлечено.
Поради наведеното, Комисијата не располагаше со потребните податоци за да изврши оцена на предметната мерка и не донесе решение согласно член 15 од Законот за контрола на државната помош во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година. На ден 11.02.2026 година Министерството за животна средина и просторно планирање до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување на државна помош во врска со Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година.
Во прилог на известувањето беше доставена и Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година, во која во мерката 7 од дел IV е наведено дека средствата од дел II став (1) од Програмата се распоредуваат и за реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2023, 2024 и 2025 година, во вкупен износ од 223.050.000,00 денари. Од содржината на Програмата за инвестирање во животната средина за 2026 година произлегуваат индиции дека проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година биле реализирани, односно дека врз основа на истата биле преземени финансиски обврски и/или биле доделени средства на корисници. Имајќи предвид дека известувањето за Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година се сметало за повлечено, а Комисијата за заштита на конкуренцијата не донела решение за дозволеност на предметните мерки, постојат индиции дека истите евентуално биле реализирани спротивно на член 13 од Законот за контрола на државната помош.
Поради тоа, согласно член 15 став (4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр.142/11), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 10.06.2026 година донесе Заклучок бр. 10-39 за поведување на постапка за оцена на евентуална незаконска државна помош во врска со Програмата за инвестирање во животна средина за 2025 година донесена од Министерството за животна средина и просторно планирање. За таа цел, КЗК во Заклучокот бр.10-39 од 10.06.2026 година го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги достави сите податоци, информации и документација потребни за оцена на помошта од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

За таа цел, Министерството за животна средина и просторно планирање до КЗК со допис бр. 02-2215/2 од 02.07.2026 година (Наш бр. 10-39 од 03.07.2026 година) достави Известување во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на

известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.
Во прилог на Известувањето беа доставени и Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година, Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа животната средина за 2025 година, Документи за избор на проекти, Документи за избор на проекти со корекција ( Заклучок, Предлог Одлука и Одлука со корегирана ранг листа), Табела со проекти и статус на исплата како и Договори со корисниците на средствата доделени со Конкурсот за 2025 година.

КЗК оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот, односно дека таквото известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (во натамошниот текст „Уредба”).

КЗК при испитувањето на известувањето ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Министерството за животна средина и просторно планирање

- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош – Програма за инвестирање во животната средина за 2025 година

- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта – член 172 став (4) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 ,171/22 и 3/25)

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа потенцијален или реализиран расход на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Оттука, при испитување на доставеното известување, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката во точка 1.3, реден број 3 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година под наслов Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 10.000.000,00 денари претставува државна помош претставува **државна помош** заради фактот што ги исполнува

четирите кумулативни критериуми. Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата ги анализираше и условите и критериумите кои треба да бидат исполнети за реализација на мерката која претставува државна помош.

При ваквата анализа Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека мерката содржана во точка 1.3, реден број 3 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година претставува хоризонтална помош во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош, бидејќи хоризонталната помош е помош која се доделува за истражување и развој, заштита на животната средина, вработување, обука, услуги од општ економски интерес и активностите на малите и средните претпријатија, доделена во било кој облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, чија цел е решавање на проблемите во сите индустриски гранки, односно региони.

Оттука, оценката дали доделувањето на државната помош од точка 1.3, реден број 3 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година е дозволено, Комисијата за заштита на конкуренцијата ја врши согласно одредбите на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека доделувањето на мерката содржана во точка 1.3, реден број 3 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година претставува дозволена државна помош само во случаевите кога станува збор за **финансирање на студии, програми, проекти и други слични активности поврзани со користење на обновливи извори на енергија, согласно член 15 и 22 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош.**

Мерките содржани во дел точка 1.3, реден број 1,2 и 4 од Конкурсот за распределување средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година година не претставуваат државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош бидејќи истите не ја нарушуваат, ниту може да ја нарушат конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги. Следствено, наведените мерки не ја исполнуваат дефиницијата за државна помош дефинирана во членот 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Според Комисијата за заштита на конкуренцијата овие мерки и активности кои се преземаат од страна на државата се од општ карактер и се во насока на подобрување на условите воопшто во областа на заштита на животната средина.

Распределувањето на средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година се врши по пат на јавен конкурс којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање. Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година е во согласност со член 174 од Законот за животна средина , како и со Програмата за инвестирање во животната средина за 2025 година.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**:Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 26 од Законот за контрола на државната помош. Тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога КЗК ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска-Николиќ**